Александар
МАНОЈЛОВСКИ
Институт за
национална историја –
Скопје

УДК 94: 711.436
(497.711:=163.3)

# ЗНАЧАЈНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА ЕВРЕЈСКАТА ВЕРСКА ОПШТИНА ВО СКОПЈЕ ВО 1946 ГОДИНА

Македонската еврејска верска општина била меѓу првите еврејски општини во поранешна Југославија што ја обновила својата работа. Таа била формирана на 26 декември 1944 година во Скопје, на првата седница на Македонско-еврејскиот народноослободителен одбор.

Непосредно по обновувањето, Еврејската верска општина развила богата и разновидна дејност, која се состоела во организирање на верскиот живот, како и хуманитарно-социјална, културно-просветна и здравствена дејност. Пред општината биле поставени многубројни прашања, проблеми и предизвици, кои во услови кога земјата била во урнатини, ограбена и осиромашена, а Втората светска војна сè уште траела, се решавале во рамките на можностите.

При нашето истражување на документацијата што се однесува на животот и работата на македонските Евреи непосредно по Втората светска војна, но и потоа, наидуваме на голем број документи кои досега не се објавени во македонската историографија, поради што и не се познати и достапни за пошироката македонска јавност. Податоците што ги содржат овие новооткриени материјали можат да се класифицираат под поимот основни или базични насоки за работата на Еврејската верска општина во Скопје.

Во документот, кој во оваа пригода ѝ го приопштуваме на македонската научна и пошироката јавност, се нудат сознанија за општинскиот имот, социјалните установи и за потребите на Општи-

ната. Имено, во него се зборува за бројноста на членството на Општината, за нивната возраст и квалификациите, за материјалните средства потребни за нејзината работа, но и за планираните активности на членството. Во таа насока, податоци има и за расходите што ги имала Општината непосредно по завршувањето на Втората светска војна, во што се вклучени паричната помош доделена на нејзините најсиромашни членови, оспособувањето на зградите што биле добиени по ослободувањето и платите на службениците. Општината, покрај другото, предвидела да собере и определени приходи кои се поделени како помош од Автономниот одбор како придонес, како приходи од услуги и друго.

Документот го пренесуваме во целост, бидејќи цениме дека е во интерес на читателите да се запознаат со неговиот интегрален текст, кој може да послужи за натамошни истражувања или дополнувања на веќе познати сознанија.

Еврејска верска општина
Бр. 754
13 – XI - 1946 г.
Скопје

ИЗВЕШТАЈ
за состојбата на Еврејската вероисповедна општина во Скопје[1]

Трагедијата што го снајде еврејството речиси во цела Европа во последната страшна војна многу тешко го погоди еврејското население во Скопје. Од околу 5.000 души колку што имаше еврејската заедница пред војната, денеска таа има сè на сè 471, од кои речиси ¼ се дојдени од други места од Југославија.

Околу 5.000 души, од новородени до изнемоштени старци, се собрани на 11 март 1943 година во логор и по неколку дена одведени од Германците на пат без враќање. И покрај сите настојувања, досега не беше можно да се дознае ништо за судбината што ги снајде.

Од 471 душа, колку што денес брои нашата заедница: 253 се машки и 218 се женски.

Според годините на старост, состојбата е следна:

---

[1] Архив на Еврејската заедница во Република Македонија, нерегистриран материјал, превод од српскохрватски јазик. При преводот настојувавме колку што е можно да се запази автентичноста на оригиналниот документ (забел. А. Манојловски).

| Пол | Години на старост | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 3 | 4-7 | 8-13 | 14-17 | 18-21 | 22-31 | 32-41 | 42-51 | 52-61 | Преку 61 | Вкупно |
| Машки | 6 | 12 | 18 | 15 | 8 | 57 | 63 | 36 | 23 | 14 | 252 |
| Женски | 11 | 10 | 16 | 10 | 14 | 51 | 57 | 17 | 15 | 18 | 219 |
| Вкупно | 17 | 22 | 34 | 25 | 22 | 108 | 120 | 53 | 38 | 32 | 471 |

Во поглед на вработеноста, состојбата е следна:

| Вид на професија | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| чиновници | 56 | 11 | 67 |
| занаетчии | 35 | 7 | 42 |
| трговци | 2 | - | 2 |
| лекари | 20 | 2 | 22 |
| аптекари | 6 | 1 | 7 |
| забари | 3 | - | 3 |
| инженери | 3 | - | 3 |
| електричари | 2 | - | 2 |
| музичари | 6 | - | 6 |
| работници во фабрики | 6 | 4 | 10 |
| офицери | 8 | - | 8 |
| војници | 3 | - | 3 |
| студенти | 3 | 3 | 6 |
| домаќинки | - | 118 | 118 |
| болни | 2 | 2 | 4 |
| старци | 16 | 21 | 37 |
| невработени | 21 | 7 | 28 |
| млади до 18 години | 60 | 43 | 103 |
| | 252 | 219 | 471 |

Како што се гледа од прегледот – бројот на невработени, вклучувајќи ги тука и старите, болните и домаќинките, изнесува речиси половина од вкупниот број работоспособни лица, а тоа е 37% од вкупниот број на членовите на заедницата. Причините се различни: добар дел од нашите луѓе, исцрпени од војната и окупацијата, долго време не беа способни за работа, а постарите, кои според својата возраст би можеле да работат, не го можат тоа бидејќи длабоките траги од војната од нив направиле инвалиди итн.

## РАСХОДИ

Од расходите што ги имаше и ги има Општината, во границите на расположивите средства, на прво место е: социјалната помош, а потоа следуваат најнеопходните поправки на зградите, канцелариските трошоци и платите на службениците.

Веднаш по окупацијата на Македонија започна ограбувањето на скопските Евреи, а подоцна и затворањето на нивните работилници

и одземањето на движниот и на недвижниот имот. Ограбувањето го достигна врвот по одведувањето на Евреите, кога се отворани нивните домови, кога е разнесувана и распродавана нивната покуќнина и сето она што цел живот го создавале. Така и денес, и оние што ја имале таа среќа да не ја доживеат судбината на своите несреќни браќа, останале без нигде ништо: без најпотребната покуќнина и без материјални средства.

Главна грижа на Општина беше и денеска остана да ги помага своите осиромашени членови. За да дојде до средства, беше принудена да ги оптовари своите членови кои можеа да одделат и најмала сума од она малку што го имаа за да им помогнат на оние што немаа ништо. Таа поткрепа беше премногу мала за да ја ублажи бедата на нашите сиромаси, па така доаѓаше и до моменти Општината да престане да функционира бидејќи не беше во состојба да одговори на своите морални обврски кон членовите. Таа тешка ситуација донекаде беше олеснета од денот кога Автономниот одбор за помош почна да ни доставува парична помош и помош во текстил и во прехранбени производи.

ПОМОШ – Општината им доделуваше парична помош: на сиромашните и на работнонеспособните членови; на болните, иако имале некој приход, за да им овозможи лекување и подобра исхрана; на минувачите низ Скопје, кои се враќале од концентрационите логори или од прогонство; на невработените членови и, најпосле, на вработените членови чии плати не се доволни за издржување.

ЗГРАДИ – Кога по ослободувањето беше обновена нашата Општина, таа ги прими своите згради онеспособени за употреба: синагогата, која на окупаторите им служела за сместување на ограбените еврејски имоти, и зградата во која се смести (поранешниот Клуб на скопските Евреи), а која била оштетена од експлозија при кревање во воздух на мостовите во нејзина близина. Управата на Општината, благодарејќи на помошта што ја добиваше од членовите на заедницата, го поправи она што не чинеше ништо или многу малку и ја обнови синагогата, а во Клубот оспособи само една соба за канцеларија. Подоцна, постепено се вршеа и другите неопходни поправки, но строго водеше сметка потрошеното во никој случај да не ги намали средствата потребни за социјална помош.

СЛУЖБЕНИЦИ – За да може да ги одржува гробиштата, управата мораше да ангажира чувар, а подоцна, за да раководи со проширувањето на администрацијата и да ја одржува Општината, ангажираше и други двајца службеници.

Тоа, главно, се расходите што засега најмногу ги ангажираат финансиските средства на Општината.

ПРИХОДИ

Приходите на Општината се: помош од Автономниот одбор за помош, придонеси од членовите и приходи од услуги и купот-а.

Главен приход на Општината е помошта што ја доставува Автономниот одбор. Да не беше таа помош, тешко дека би можеле да опстанат многу членови на заедницата, па и самата Општина. Тоа се чувствуваше пред Автономниот одбор да почне да ни испраќа помош, а особено се чувствува од месец јуни оваа година, кога престана да не помага (освен 32.760 – динари во месец октомври оваа година).

Помошта што ни ја испраќаше Автономниот одбор не беше секогаш иста, туку некогаш помала, некогаш поголема, според средствата со кои располага. Тоа ѝ создаваше големи тешкотии на Општината, бидејќи речиси секој месец мораше да ја менува стапката на помошта, а членовите што беа помагани никогаш не можеа правилно да направат распоред на својот живот.

ПРИДОНЕС – Пред извесно време Автономниот одбор за помош ни препорача да спроведеме самооданочување на членовите, бидејќи помошта што ни ја испраќаа не можеше да биде постојана. Иако имавме горчливо искуство со самооданочувањето, управата сериозно ја сфати препораката на Одборот и ја спроведе. Резулатот од спроведувањето на таа препораката, покрај големата работа и многуте непријатности, беше придонесот од околу 9.000 динари месечно, од кои едвај 30% можеше да се реализира.

Малиот износ на утврдениот придонес и износот што може да се добие може да се смета за оправдан, имајќи ја предвид материјалната состојба во која се наоѓаат членовите на заедницата.

ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ И ДРУГО – За секое уверение што го издава Општината наплатува во корист на својата каса по 20 динари. Тој приход месечно носи до 200 динари.

Од купот-а се собира околу 250 динари месечно.

Тоа се сите приходи на Општината на кои може да смета за подмирување на своите далеку поголему расходи и со кои треба да ги извршува сите огромни морални обврски што ги има кон своите членови.

ОПШТИНСКИ ИМОТ

Еврејската вероисповедна општина во Скопје од недвижниот имот има: синагога, една мала зграда која порано служела како помошна синагога, една двокатна стара училишна зграда, зградата во

која е сместена Општината (наследена од поранешниот Клуб на скопските Евреи) и гробишта со зграда за чуварот на гробиштата.

Од ниту една од овие згради Општината нема никаков приход, туку има само трошоци за одржување.

Училишната зграда се користи за народно основно училиште. Истата е задолжена со данок и со други давачки.

Зградата во која е сместена Општината е оптоварена со хипотекарни долгови од 18.313 динари на ден 1-V-2946 година[2], чие плаќање и рокови за отплата одамна поминале. Општината до денеска не уплатила ниту една рата, затоа што немала финасиски можности.

СОЦИЈАЛНИ УСТАНОВИ

ПРИФАТИЛИШТЕ – Зградата што служеше како помошна синагога, по ослободувањето беше поправена со намена да послужи како прифатилиште за оние што се враќаа во Скопје од прогонство или од ропство или беа на минување низ Скопје за други места во Југославија или за други земји. За жал, таа социјална институција не беше остварена затоа што во прво време Општината не располагаше со потребниот инвентар, а подоцна, бидејќи зградата стоеше неискористена, беше одземена за користење од народните власти.

МЕНЗА – Нашата заедница имаше неопходна потреба од менза за своите сиромашни членови, за минувачите, за самците, за службениците, како и за оние што се вратиле од заробеништво или од прогонство, а ништо не нашле од своето домаќинство. Мензата не беше организирана поради тешкотиите за редовно снабдување со потребните продукти и поради немањето редовни и сигурни парични средства.

БОЛНИЦА – Измачени од тиранијата и од недоволната исхрана за време на окупацијата, по логорите или во прогонство, здравствената состојба речиси на сите членови на нашата заедница е многу лоша. Материјалните прилики, пак, во кои се наоѓаат не им дозволуваат да се подложат на темелно лекување. За да им го олесни лекувањето, Општината имаше намера да организира своја болница со најмалку 10 постели, амбуланта, аптека и забна поликлиника. Оваа толку неопходна потреба и добра намера на Општината повторно не можеше да биде остварена единствено поради немање пари.

[2] Иако во оригиналниот документ стои 2946 година, напоменуваме дека станува збор за печатна грешка, односно се мисли на 1946 година.

ПОТРЕБИ НА ОПШТИНАТА

За да може да постои, да го оправда своето постоење и да ја олесни бедата на своите членови, Еврејската вероисповедна општина во Скопје треба да располага со годишна сума од 1,368.000 динари, од кои:

1) за социјална помош . . . . . . . . . . . . . . . . . 720 000 динари
2) за одржување на синагогата . . . . . . . . . . 42 000 “
3) за платите на службениците . . . . . . . . . . 264 000 “
4) за канцелариски трошоци . . . . . . . . . . . 50 000 “
5) за одржување на општината . . . . . . . . . . 36 000 “
6) за одржување на гробиштата . . . . . . . . . . 50 000 “
7) за формирање амбуланта и аптека . . . . . .40 000 “
8) за одржување “ “ “ . . . . . . . . . . . . . . . . . 40 000 “
9) за данок и за други давачки . . . . . . . . . . . .26 000 “
10) за поправка на синагогата и на другите општински згради . . . . . . . . . . . . . . . . . . 100 000 “

Нашиот напатен народ живее во длабоко уверение дека оние наши браќа што ја имале таа среќа да не ги искусат ужасите на војната во онаа мерка како ние, ќе смогнат сили да направат мал напор и нам, на преживеаните Евреи, да ни помогнат во тешките денови.

Секретар,
М.Сапорта с.р.

Претседател,
Ѓор. И. Блајер с.р.

(печат)